РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISE SE VERIUT
АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ
AGJENCIA PER SHERBIME MEDIATIKE AUDIO DHE AUDIOVIZUELE
СКОПЈЕ - SHKUP

| Примено: Pranuar: | | 14.10.2024 | |
|---|---|---|---|
| Орг. Един. Nj.org. | Број: / Numer: | Прилог: Shtojce: | Вредност: Vlera: |
| 03 | 4236/1 | | |

**До: д-р Зоран Трајчевски, директор на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**

Врз основа на член 29 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија“ бр. 184/13, 13/14, 44/14, 101/14, 132/14, 142/16, 132/17, 168/18, 248/18, 27/19 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 42/20, 77/21, 154/23, 55/24 и 193/24), се доставува

## ПИСМЕН ИЗВЕШТАЈ
## ЗА ИЗВРШЕН АДМИНИСТРАТИВЕН НАДЗОР

1. **Вид надзор:** вонреден, по службена должност

2. **Субјект на надзорот:** Друштво за вршење на радиодифузна дејност радио на локално ниво РАДИО РРАПИ Струга ДООЕЛ

3. **Датум на извршување на надзорот:** 14 октомври 2024 година

4. **Предмет на надзорот:** Надзорот се спроведува за да се констатира дали радиодифузерот извршил промена на сопственичката структура без претходно да ја извести Агенцијата и пред промената да биде одобрена од страна на Агенцијата (член 41 ставови 1 и 2 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги).

5. **Претходно изречена мерка:** нема

6. **Констатации од надзорот:** На 01.10.2024 година, Друштвото за вршење на радиодифузна дејност радио на локално ниво РАДИО РРАПИ Струга ДООЕЛ спровело промена на сопственичката структура без претходно да ја извести Агенцијата (што е спротивно на член 41 став 1) и без истата да биде одобрена од страна на Агенцијата (што е спротивно на член 41 став 2).

   **Образложение:** При редовен увид во огласниот дел на веб страницата на Централниот регистар на РС Македонија, во којшто се објавуваат сите извршени промени кај трговските друштва, стручната служба на Агенцијата констатираше дека на 01.10.2024 година е извршена промена на сопственичката структура на Друштвото за вршење на радиодифузна дејност радио на локално ниво РАДИО РРАПИ Струга ДООЕЛ. Со промената, од сопственичката структура целосно истапило физичкото лице Фисник Бектеши од Струга, а пристапило физичкото лице Енди Бектеши од Струга, како единствен сопственик на радиостаницата.

7. **Предлог-мерка:** Имајќи го предвид констатираното прекршување на член 41 ставови 1 и 2 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, се дава следната предлог мерка:

Советот на Агенцијата да донесе решение за преземање мерка - јавна опомена на Друштвото за вршење на радиодифузна дејност радио на локално ниво РАДИО РРАПИ Струга ДООЕЛ и да му укаже во рок од седум дена од денот на приемот на опомената, во архивата на Агенцијата да достави:

- Податоци за физичкото лице Енди Бектеши, и тоа ЕМБГ, адреса на живеење и учество во основната главнина на радиодифузерот;
- Нотарски заверена изјава од физичкото лице Енди Бектеши дека со пристапувањето во сопственичката структура на радиодифузерот не ги прекршува одредбите од глава IV од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги;
- Нотарски заверена изјава од радиодифузерот (изјавата ја дава управителот на радиодифузерот) дека со промената на сопственичката структура не се прекршуваат одредбите од глава IV од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги;
- Тековна состојба за радиодифузерот издадена од Централниот регистар на РС Македонија (не постара од 15 дена од денот на издавањето).

***Сектор за стратешко планирање и заштита на авторски права***